**ЗАПИСНИК**
**од 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 04.06.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Владимир Ѓорѓиески, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, м-р Горјан Шеќеринов.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 21-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски објасни дека на седницата е отсутен г-дин Јанчески и како што информирал усмено г-дин Трајчев се очекува за неколку минути да се приклучи преку видео конференциската врска. Во однос на предложениот Дневен ред објасни дека Точката што се наоѓа во материјалот под Разно - Предлог за поништување на Заклучок бр.02-1605/5 0д 02.04.2020 година треба да биде вметната во дневниот ред под Точка 3 бидејќи без неа не може да се усвојат двете предложени Упатства и Правилникот. Таа е логична точка и мора претходно да се поништи Заклучокот според кој Советот работеше се додека Владата не ги укина сите Уредби. Точките кои следат по неа ќе се поместат за еден број погоре.

Советот на Агенцијата, со предложената корекција, едногласно, со 6 гласа „за" (г-дин Јанчески не беше вклучен преку видео конференциска врска), го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од прво продолжение на 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 14.05.2020 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 14.05.2020 година.

3. Предлог за поништување на Заклучок бр.02-1605/5 0д 02.04.2020 година.
4. Предлог–Упатство за начинот на регистрација и бришење на законски застапник на радиодифузер од друга држава во регистарот на законски застапници на радиодифузери од други држави кои се реемитуваат на територијата на Р.С. Македонија.
5. Предлог–Упатство за постапката за утврдување на одговорноста за сторена повреда или прекршување при реемитување на програмски сервиси на радиодифузери од друга држава.
6. Предлог–Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси бр.01-5775/1 од 21.11.2014 година.
7. Предлог за изрекување мерка на ТРД Ирис од Штип за прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми.
8. Предлог за изрекување мерка на ТРД Ирис од Штип за прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми.
9. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Телевизија Сител ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
10. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа предложениот Записник од првото продолжение на 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 14.05.2020 година.

Г-дин Петрушевски во однос на овој Записник и следната точка - Записникот од 20-та седница објасни дека г-дин Фетаи му пратил меил пред седницата, но тој не го добил. Потоа по завршување на двете седници разговарале телефонски и г-дин Фетаи уште еднаш му го пратил истиот меил со кој го информирал дека има обврски на факултетот каде што предава и не можел да присуствува на седницата. Ова е појаснување за причината зошто г-дин Фетаи беше отсутен.

Советот на Агенцијата едногласно (г-дин Јанчески не беше вклучен преку видео конференциска врска), го усвои Записникот од првото продолжение на 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 14.05.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа предложениот Записник од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 14.05.2020 година.

Г-дин Фиданоски имаше забелешка на страна 4 од Записникот и предложи во првиот пасус од неговата дискусија зборот „подели“ да се коригира во „сподели“.

Советот на Агенцијата, со корекцијата од г-дин Фиданоски, едногласно (г-дин Јанчески не беше вклучен преку видео конференциска врска), го усвои Записникот од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 14.05.2020 година, со текст како што беше предложен

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за поништување на Заклучок бр.02-1605/5 0д 02.04.2020 година. Објасни дека Советот на 28 февруари донесе одлука за отпочнување на јавна расправа по трите подзаконски акти - двете Упатства и Правилникот со рок од 35 дена за јавна расправа. Меѓутоа, поради воведувањето на вонредната состојба, на седницата на 2 април, Советот донесе одлука дека јавната расправа ќе продолжи 30 дена по завршување на вонредната состојба. Во меѓувреме, Владата на 3 април донесе една Уредба и потоа на 12 мај уште една Уредба која беше измена на претходната со кои измени јавната расправа се продолжи за 15 дена и Советот во рок од 5 дена од денот на завршување на јавната расправа треба да ги донесе овие подзаконски акти. Меѓутоа, минатиот петок беше донесена нова Уредба на Владата според која во рок од 7 дена од нејзинот влегување во сила, Советот треба да ги усвои овие подзаконски акти. Тој рок истекува утре, но бидејќи утре е неработен ден седницата се одржува денес, 6-от ден од кога е стапена во сила Уредбата на Владата. За да може да се усвојат подзаконските акти согласно Уредбата на Владата, потребно е претходно Советот да го поништи Заклучокот што го донесе на 2 април дека јавната расправа ќе продолжи 30 дена по завршување на вонредната состојба.

Г-дин Петрушевски рече дека е логично Советот да го поништи тој заклучок и треба да се донесе Заклучок за продолжување на постапката на донесување на сите три подзаконски акти како и што е предложено.

Г-дин Фетаи рече дека Советот нема друга можност, бидејќи Законот ги обврзува во таа насока. Со тоа ги почитуваат состојбите и околностите и немаат друга опција. Се изјасни дека се согласува со предлогот.

Во текот на седницата по оваа точка г-ѓа Машовиќ имаше технички проблем со вклучување преку видео конференциска врска. Г-дин Петрушевски и се јави на мобилен телефон и нејзиното гласање беше евидентирано со аудио преку мобилен телефон.

Советот на Агенцијата едногласно (г-дин Јанчески не беше вклучен преку видео конференциска врска), го поништи Заклучокот бр.02-1605/5 0д 02.04.2020 година донесен на 16-та седница со кој рокот на траење на јавната расправа за Нацрт-упатството за начинот на регистрација и бришење на законски застапник на радиодифузер од друга држава во регистарот на законски застапници на радиодифузери од други држави кои се реемитуваат на територијата на Р. С. Македонија; Нацрт-упатството за постапка за

утврдување на одговорноста за сторена повреда или прекршување при реемитување на програмски сервиси на радиодифузери од друга држава; и Нацрт-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси бр.01-5775/1 од 21.11.2014 година, кои произлегуваат од член 143 од ЗААВМУ („Службен весник на РС Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и 42/20), се продолжи за период од 30 дена што ќе почнат да се сметаат од денот на завршување на вонредната состојба.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Заклучок со кој се продолжува постапката за донесување на трите горенаведени подзаконски акти во согласност со ЗААВМУ („Службен весник на РС Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и 42/20).

**Точки 4, 5 и 6**

Г-дин Петрушевски за трите наведени подзаконски акти предложи да бидат образложени со еден заеднички вовед и потоа да има заедничка дискусија, додека гласањето да биде за секој акт посебно со можност за повторна дискусија доколку има прашања за одредени детали или финеси. Но, воведната дискусија да биде поврзана за сите три акти.

Г-дин Фиданоски процедурално побара да се забележи дека г-дин Јанчески се приклучи на седницата.

Г-дин Петрушевски се согласи и рече да се забележи во записникот дека г-дин Јанчески завршил со обврските и е присутен на седницата. Во таа насока кратко го информираше за состојбата и гласањето за трите претходни точки кои поминаа и на кои тој не беше присутен.

Во меѓувреме и г-ѓа Машовиќ се приклучи преку видео конференциската врска.

Г-дин Трајчевски објасни дека на 28 февруари, Советот донесе одлука да отвори јавна расправа во траење од 35 дена за сите три подзаконски акти. Во меѓувреме, Владата донесе Уредба на 3 април со која што дел од одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кои беа усвоени неколку минути пред распуштање на парламентот беа суспендирани и беше овозможено да се користат старите подзаконски акти во овој период. Потоа, дополнително, Владата донесе уште една Уредба за измена на Уредбата од 3 април со која се продолжи јавната расправа. Во меѓувреме, на 27 мај Уставниот суд ги поништи овие две Уредби на Владата. Владата два дена по одлуката на Уставен суд донесе нова Уредба со која што дополнително даде 7 дена за да се изгласаат овие три подзаконски акти и со таа Уредба се додефинираа некои работи во ЗААВМУ кој што се рефлектираат на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси бр.01-5775/1 од 21.11.2014 година. Објасни дека по Упатство за постапката за утврдување на одговорноста за сторена повреда или прекршување при реемитување на програмски сервиси на радиодифузери од друга држава за време на јавната расправа не

се пристигнати никакви забелешки и тоа е во иста форма како што го донел Советот во нацрт-верзијата на 28 февруари. Во однос на Упатството за начинот на регистрација и бришење на законски застапник на радиодифузер од друга држава во регистарот на законски застапници на радиодифузери од други држави кои се реемитуваат на територијата на РС М како и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси бр.01-5775/1 од 21.11.2014 година, објасни дека пристигнаа забелешки од 5 заинтересирани страни и еден дел од овие забелешки се прифатени и се имплементирани во овие два подзаконски акти, додека останатите забелешки не беа прифатени. Во однос на Упатството за начинот на регистрација и бришење на законски застапник на радиодифузер од друга држава во регистарот на законски застапници на радиодифузери од други држави кои се реемитуваат на територијата на Р.С. Македонија главната промена во овој акт после нацрт верзијата е тоа што освен законскиот застапник на странскиот радиодифузер во регистарот што ќе го води Агенцијата, во тој регистар може да се впише и законскиот застапник на правното лице на кои му се пренесени авторските права за реемитување на територијата на Р.С. Македонија од страна на радиодифузерот и понатака овој законски застапник на правното лице на коешто му се пренесени авторските права за територија на Р.С. Македонија е додаден во сите членови. Други измени во овој акт во однос на нацрт верзијата што беше усвоена нема. Како што објаснил во Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси бр.01-5775/1 од 21.11.2014 година, едната измена е согласно Уредбата на Владата со која што почнувајќи од денес, денот кога Советот ќе ги усвои овие подзаконски акти, кабелските оператори имаат обврска во рок од 60 дена да ги пререгистрираат сите странски канали што ги реемитуваат во моментот согласно подзаконскиот акт што сега Советот ќе го усвои, односно согласно Уредбата на Владата. Потоа од забелешките коишто беа доставени имаше и техничка забелешка од страна на Македонски Телеком во изјавите кои што ги пополнуваат овластените лица на странскиот радиодифузер и на операторот. Кај странскиот радиодифузер имаше пишано лична карта издадена од МВР, а всушност тоа не може да биде така, треба да биде број на пасош или друг документ со којшто може да се докаже идентитетот на лицето кое е законски застапник на радиодифузерот. Колку за потсетување разликата меѓу овој Правилник Правилникот кој е во моментот на сила е тоа што овластеното лице на кабелскиот оператор во Р.С. Македонија и овластеното лице на радиодифузерот доставуваат изјави до Агенцијата дека под материјална, кривична и морална одговорност потврдуваат дека ги имаат регулирано авторските права за територија на Р.С. Македонија. Заради поедноставување на постапката овие две изјави нема да се заверуваат на нотар туку ќе бидат со печат од странскиот радиодифузер, односно кабелскиот оператор во Р.С. Македонија. За сите три подзаконски акти во нацрт верзијата пишуваше дека стапуваат во сила 8 дена од денот на објавување во Службен весник, меѓутоа заради Уредбата на Владата според која 60 дена се бројат од денот на нивното донесување, има измена односно овие подзаконски акти стапуваат во сила со денот на објавување во Службен весник.

Г-дин Петрушевски рече дека има едно техничко прашање до Директорот, дали 60-те дена течат од денес или од објавување во Службен весник, бидејќи станува збор за разлика од неколку дена?

Г-дин Трајчевски одговори дека согласно уредбата на Владата 60-те дена течат од денот кога Советот ќе ги донесе, а тоа е од денес.

Г-дин Фетаи рече дека и покрај тоаш што беше многу детално образложено од страна на директорот, дека има три подзаконски акти, па има уредби од Влада, од Собрание, сепак малку му е комплицирано. Постави прашање до директорот дали во суштина овие упатства и правилник што треба денес да се усвојат се изработени според она што е одлучено во Собранието пред тоа да се распушти или врз основа на одлуките што ги донела Владата со овластувањата од вонредната состојба?

Г-дин Трајчевски одговори дека најголемиот дел од содржината на двете упатства и измената на Правилникот произлегуваат од измените на ЗААВМУ што беа изгласани во Парламентот неколку минути пред неговото распуштање. Клучната новина којашто е внесена во Правилникот е обврската според Уредбата на Владата од 29 мај според која кабелските оператори во Р. С. Македонија ќе мора да ги пререгистрираат сите странски радиодифузери коишто ги реемитуваат согласно подзаконскиот акт кој треба да биде усвоен денес, на седницата. Тоа произлегува од Уредбата, а се друго произлегува од Законот што беше изгласан во Парламентот.

Г-дин Ајдини имаше прашање поврзано со страна 9 од вкупниот материјал каде пишува – покрај физичкото лице може да се регистрира и правното лице и дека забелешката делумно се прифаќа. Праша дали тоа значи дека останува само физичкото лице или физичкото лице како законски преставник на правното лице? Побара подетално објаснување.

Г-дин Трајчевски рече дека ова ќе го објасни со конкретен пример за да се разбере подобро и да не биде многу општо. На пример, радиодифузерот Спорт Клуб може да одлучи да ги потпишува договорите за реемитување директно со кабелските оператори во Р. С. Македонија. Во тој случај во регистарот ќе биде запишан законскиот застапник, односно директорот на Спорт Клуб. Но, Спорт Клуб како странско правно лице може да одлучи да ги додели правата за реемитување на друга компанија од Р. С. Македонија или надвор од Македонија која ќе потпишува договори со кабелските оператори во РС Македонија. Во тој случај во регистарот на овластени застапници ќе биде запишан и директорот на Спорт Клуб и директорот на правното лице на коешто Спорт Клуб му ги отстапило авторските права за територија на Р. С. Македонија и кое има право да потпишува договори. Кај поголем број на радиодифузери во пракса правата се отстапуваат на други компании за одредени географски подрачја. И од таа причина се ставени овие две можности во предлог упатството.

Г-дин Петрушевски рече дека има неколку измени на ЗААВМУ поврзани со член 143. За неполн месец има три измени на Уредбата на Владата и една одлука на Уставен суд. Тој рече дека лично очекува овие игри со уредби и одлуки да продолжат, не очекува дека проблемот ќе се разреши. Во секој случај, Советот и Агенцијата немаат право да го толкуваат Законот или да даваат предлози како треба да биде, нивна задача е да го спроведат. Овие измени се направени согласно она што се бара во Законот и последната Уредба. Релациите помеѓу телевизиите и кабелските оператори најдобро е да ги решат тие

помеѓу самите себе. Минатиот пат дискутирале сите дека телевизиите се битни за демократијата, а кабелските оператори се битни за економијата. И добро е решенијата што се изнаоѓаат да бидат согласно принципите на ЕУ каде што нашата држава се стреми да биде членка. Дали е баш така остава секој сам да процени како сето ова е поврзано со изборите. Советот нема право да заземе никакви политички ставови, едноставно мораат да го почитуваат Законот и во таа смисла ќе ги поддржи подзаконските акти како што се предложени. Лично очекува ова да не заврши и да продолжи наредните месеци и лично очекува една од првите работи што ќе ги направи наредниот состав на Собранието е да проба ова да го реши на поинаков начин.

Г-дин Фиданоски рече дека е поттикнат од дискусијата на г-дин Петрушевски. И неговото становиште е дека Советот не е во позиција да ги толкува на начин на којшто смета дека треба се разрешат туку тие се должни подзаконските акти да ги донесат. На тој начин ги спроведуваат измените во Законот кои се донесени како што кажал директорот Трајчевски, многу непосредно пред распуштањето на Собранието и измените што се дадени со последната Уредба со законска сила. Според него, во целиот овој период се создаде еден метеж од формално-правна точка, бркотница по ова прашање. Смета дека целата оваа работа ќе продолжи, бидејќи не е до крај разрешено ова прашање. Впрочем и филозофски кажано материјата за која денес расправаат е дијалектика, таа се менува сакале или не и Советот ќе мора да ги менува релациите или тие кои се надлежни како законодавци. Искрено верува дека како земја претендент за членство во ЕУ ќе ги решат прашањата и за авторските права, но и за медиумскиот политички плурализам на начин кој што ќе биде најадекватен за да не бидат оштетени оние за коишто Советот и Агенцијата функционираат, а тоа се граѓаните односно публиката на медиумите или публиката што ги следи реемитуваните програми од кабелските оператори и емитуваните програми од телевизиите. Тоа се релации коишто треба да ги надминат меѓусебе двете заинтересирани страни,телевизиите и кабелските оператори. Рече да се надеваат дека ќе произлезе решение во иднина, во овој момент го имаат ова и должни се да го спроведат, но за понатаму смета дека ќе се изнајде решение коешто ќе биде задоволително за сите, без да прогнозира кога, како, со оглед дека се во една ситуација за која никој не може од денес за утре ништо да прогнозира заради пандемијата со корона вирусот. Посочи дека Македонија годинава треба да спроведе избори и во предизборниот период може да дојде до нарушување на некои демократски принципи околу изборно претставување само заради тоа што причина би било евентуално ова прашање. Верува дека ќе се изнајде решение и дека сите страни од тоа решение би биле задоволни. Се изјасни дека ќе ги поддржи подзаконските акти.

*<u>гласање по Точка 4</u>*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Упатство за начинот на регистрација и бришење на законски застапник на радиодифузер од друга држава во регистарот на законски застапници на радиодифузери од други држави кои се реемитуваат на територијата на РС Македонија.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведеното Упатство да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

*гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Упатство за постапката за утврдување на одговорноста за сторена повреда или прекршување при реемитувањето на програмски сервиси на радиодифузери од странска држава.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведеното Упатство да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

*гласање по Точка 6*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси бр.01-5775/1 од 21.11.2014 година, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведениот правилник да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 7 и 8**

Г-дин Петрушевски, во однос на Точките 7 и 8, предлози за јавни опомени за ТВ ИРИС, бидејќи се работи за прекршувања од Законот за медиуми на ист член но различен став, праша дали би можеле да се спојат во едно образложение и една дискусија?

Г-дин Трајчевски потврди.

Г-дин Петрушевски во таа насока предложи образложенијата да се однесуваат за двете точки.

Г-дин Трајчевски објасни дека радиодифузерите имаат обврска според член 15 став 1 од Законот за медиуми до 31 март до Агенцијата на посебен образец пропишан од Агенцијата да доставaт податоци за сопственичка структура, одговорен уредник, извори на финансирање во претходната година, реклами, спонзорства, вкупни приходи/расходи и просечна гледаност или слушаност во претходната година. Ова ТВ Ирис го нема направено. Што се однесува за следната точка за прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми радиодифузерите се должни претходните податоци да ги објават три пати во текот на годината на својата програма, но и тоа го немаат направено. Затоа се предлага да се изречат јавни опомени и по став 1 и по став 3 и притоа се задолжува радиодифузерот во рок од 45 дена да го усогласи своето работење односно да ја извести Агенцијата на посебен образец за податоците и по став 3 да ги објави овие информации на својата програма. По 45 дена ќе се спроведе контролен надзор за да се констатира дали ја испочитувале јавната опомена која треба да се донесе на оваа седница. Објасни дека овој радиодифузер имаше проблеми кога се потпишуваше договорот за донација, бидејќи и управителот и вработени имаа здравствени проблеми. Конечно договорот се потпиша во средината на месец април, така што можеби и тоа е причината зошто во тој период не биле во можност ова да го испочитуваат, но сега ќе може да се коригираат.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева објасни дека првичниот проблем беше затоа што беше тешко да се достават до нив дописите од Агенцијата, бидејќи биле во една специфична ситуација. Кога Агенцијата со допис побара да се изјаснат, некако успеале да ги исконтактираат телефонски, но наместо да се изјаснат тие ги доставиле податоците и доставиле снимка од нивната програма за објавените податоци. Но сепак останува да се изрече мерката јавна опомена заради тоа што не го направиле тоа во рокот предвиден со Законот туку откако Агенцијата направи надзор. Сега Советот треба да им изрече јавна опомена и останува обврската на секторот да направи контролен надзор врз податоците што ТВ Ирис веќе ги достави до Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 7</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор бр.03-1980/1 од 22.04.2020 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, и во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со одредбите од членот 15 став 1 од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 8</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор бр.03-1981/1 од 22.04.2020 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, и во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со одредбите од членот 15 став 3 од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски рече дека овие опомени немаат финансиски реперкусии по него и дека ќе ги исполни двете законски обврски и дека добро ќе заврши здравствената ситуација..

**Точка 9**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Телевизија Сител ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Објасни дека на овој радиодифузер веќе му е изречена мерка јавна опомена и му е наложено во рок од 30 дена да го усогласи своето работење. Во периодот на течење на овие 30 дена во Агенцијата пристигна претставка од гледач дека го прекршува член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Советот во овој момент не може да му изрече прекршочна пријава пред истекот на 30-те дена што му се дадени како рок за усогласување на работењето, а сепак со надзорот е констатирано врз база на претставката дека се уште не го усогласиле своето работење. Во таа насока се предлага да му се изрече повторно јавна опомена на овој радиодифузер. По истекот на 30-те дена ќе се направи контролен надзор и доколку не го усогласи своето работење ќе добие прекршочна пријава.

Г-дин Петрушевски рече дека може да се каже дека радиодифузерот во овој случај имал среќа иако не се однесувал професионално. Отвори дискусија и можност за поставување прашања.

Г-дин Фиданоски рече дека во материјалите што ги добиле за седница забележал дека има одговор од одговорниот уредник на овој радиодифузер што е задолжен за тој тип на програма во кој посочува примери за оваа серија во некои други држави, дека серијата е емитувана во период во којшто е емитувана и кај ТВ Сител. Побара информации дали е комуницирано со нив, дали тие на овој начин сакаат да кажат дека постапиле правилно и што е друго во прашање?

Г-дин Трајчевски одговори дека категоризацијата во секоја држава е различна од повеќе фактори. Се сеќава дека првичниот надзор кога бил направен најголемиот проблем биле репризните изданија,а не само времето во кое тие се емитуваат премиерно, после 20 часот, туку репризите кои ги емитуваат рано предпладне или пак во 13 или 14 часот што не соодветствува со класификацијата односно категоризацијата што ја имаат доставено.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска рече како што кажал и директорот сите овие радиодифузери коишто се посочени во дописот од ТВ Сител функционираат во различен регулаторен контекст и различни се општествените и културните прилики во тие земји. Веројатно и правилата за заштита на малолетници се различни. Впрочем различна е и реакцијата на регулаторните тела, некои регулаторни тела имаат редовен мониторинг и реагираат, други регулаторни тела постапуваат само по претставки. Така што овие податоци кои што се посочени не можат да се користат како изговор за да се релативизира прекршокот што го имаат направено и уредувачката неодговорност. Овде станува збор за друга серија. Советот му изрече мерка на овој радиодифузер за серијата „Сестри" од турско производство, а овој извештај сега е за

колумбиска серија „Белата робинка“ и таа е класифицирана и во премиерите и во репризите како програма соодветна за лица над 8 години. Меѓутоа сценариото, режирсерскиот пристап во овој серијал не дозволуваат таа да се означи така. Компромисна класификација би било 12+. Компромисот е заради мелодраматичноста што е типична за овој вид на теленовели, инаку ако се земе како критериум само интензитетот на сцените со насилство би требало да има и повисока категорија. Иако во дописот од радиодифузерот не се оспорува ниту еден елемент од извештајот на Агенцијата, не смее да се користи за да се релативизира уредувачката одговорност. Објасни дека пред седницата провериле каква е ситуацијата и во однос на емитувањето на серијата „Сестри“ за која претходно беше изречена мерка и во однос на оваа серија за која што извештајот беше објавен на 15-ти мај. Се уште нема никакви промени во однос на емитувањето на двете серии. За првата серија за која што беше изречена мерка оваа недела истекува периодот од 30 дена. Може да се види и од претставките што се вградени во материјалот колку се нестрпливи граѓаните кои се поплакуваат на содржината. Втората подносителка на претставката имаше дури три дописи на истата тема на кои секако е одговорено во рамките на законските рокови, меѓутоа радиодифузерот не презема мерки и веројатно ќе ги чека последните рокови за да се усогласи со Законот и Правилникот ако воопшто се усогласи.

Г-дин Фиданоски се заблагодари на исцрпното образложение. Објасни дека неговата поента била токму тоа, дали овој допис од радиодифузерот значи дека тие сметаат дека правилно постапуваат. Практично мерката јавна опомена која Советот ја применува е да им се укаже на радиодифузерите дека грешат и доколку ја повторат грешката тие треба да бидат санкционирани. Читајќи го нивниот допис забележал дека не ја разбираат првата јавна опомена, а веројатно и оваа на начин како што би требало да ја разберат. Инаку рече дека кај него нема сомнеж дека службата правилно со мониторингот ја анализирала серијата и категоризацијата правилно ја определила за оваа серија.

Г-дин Петрушевски рече дека најголем аргумент во прилог на наодите во извештајот и предлогот да донесат уште една јавна опомена се самите реакции на граѓаните. Навистина се неколку и ги читал како што пристигнувале. Констатирал дека тие гледачи навистина се револтирани и затоа нема дилема дека ова треба да го предложат, а телевизијата има среќа заради тоа што тие 30 дена се уште не се поминати.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски надзор, вонреден, по претставка (иницијативи на физички лица) бр.10-12275/1 од 15.05.2020 година и едногласно заклучи на ТРД Телевизија Ситeл ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, затоа што на 6, 7, 8, 11 и на 12 мај 2020 година, премиерите на пет епизоди и четири репризи од играниот серијал „Белата робинка“ беа погрешно категоризирани и означени како програма од втора категорија (8+), и беа емитувани во несоодветни временски периоди од деноноќието.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 10**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-2368/11**
**15.06 2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**